# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ

## IV ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2008

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Сиг.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 20.07.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3672 | 1 | – |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Власите за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

## 1. ВОВЕД

Предметот *јазик и култура на Власите* ја дава основата за учениците во основното училиште да го изучуваат својот мајчин јазик. Содржините, целите и активностите за овој предмет се реализираат со поврзување на клучните наставни подрачја за слушање со разбирање, говорење, читање и пишување, усвојување на јазични функции, како и со индуктивно усвојување на граматиката на влашкиот јазик. Исто така, како што е назначено во насловот на наставната програма, во неа се систематизираат и содржини за културата и обичаите на Власите.

Учениците преку оваа настава ќе ги стекнат основните комуникативни вештини, усвојувајќи ги и применувајќи ги стандардно јазичната норма на влашкиот јазик. Во текот на изучувањето на предметот, учениците ќе се запознаат и со разговорниот и литературниот јазик кои ќе станат составен дел во нивната секојдневна комуникација.

Со изучувањето на овој предмет, *јазик и култура на Власите*, се гради јазичниот и културниот идентитет на учениците и се создава основа учениците да говорат на својот јазик во семејството и заедницата. Познавањето на стандардно јазичната норма на влашкиот јазик ќе овозможи учениците да ги разбираат, доживуваат и раскажуваат различните видови текстови и содржини, и да се развиваат истовремено нивните способности за самообразование.

Според наставниот план за основното училиште за предметот *јазик и култура на Власите* во III одделение се планира еден час неделно (36 часа годишно), а во наредните одделенија учениците продолжуваат континуирано да го изучуваат овој предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно до деветтото одделение во заадолжителното основно образование и воспитание.